kanton glarus

Информација за родители

# Настава и оценување со новата наставна програма за основните училишта во Гларус

## Драги родители

**Наставната програма за основноите училишта во Гларус опишува како вашето дете може да се стекне со знаења и вештини. Врз основа на ова програма, Вашето дете ќе биде оценето во целина, холистички. Овој начин на оценување игра централна улога во успехот на образованието на вашето дете.**

Наставниците се ориентираат согласно ова наставна програма и врз основа на неа ја планираат и спроведуваат наставата.

Наставниците редовно ги проверуваат достигнувањата на учениците. Основа на креирање на тестовите и контролите се поставените цели во наставата. Учениците ги знаат целите во наставата. Достигнувањата и знаењето се проверуваат на различни начини:

- Набљудување за време на час
- Исказите на учениците
- Белешки од проекти и работи на учениците
- Постигнувања на час и контролни тестови.

Наставниците ги сумираат достигнувањата и ги прикажуваат во свидетелство.

Оценувањето служи за поттикнување и поддршка на учењето на учениците.

## Целокупно оценување

Училиштето овозможува разнолики знаења. Учениците се стекнуваат со знаења од различни предмети (германски, математика, музичко и други) со стручни и интердисциплинарни вештини (да станат самостојни, да работат во тим и друго).

За време на наставата се поттикнуваат, колку што е можно, повеќе вештини. Истото бара посебни задачи.

**Добри задачи се:**

- предизвик
- прилагодени знаења
- прилагодени способности
- поддршка во самостојноста
- поддршка во учењето
- поддршка во работата.

**«Целокупното оценување се фокусира на успехот во учењето»**

**Оценувањето е…**

**… соодветно на наставата**
Секое оценување е изведено од ситуации на учење во текот на наставата.

**…поттикнувачки ориентирано**
Оценувањето и повратните информации го поттикнуваат учењето и развојот на Вашето дете и ги укажуваат следните чекори на учењето.

**… транспарентно**
За напредокот и развојот на учењето на вашето дете ќе бидете информирани на годишната средба.

**…обемно**
Стручните и интердисциплинарни вештини се вклучени во оценувањето.

## Годишен разговор

Еднаш во годината се одржува средба помеѓу Вас, родители, Вашето дете и наставниците. Сумираните набљудувања и оценките се тема на разговор на оваа годишна средба. Заедно со наставникот и Вашето дете разговарате за нивото на неговото знаење и развој. Потребна е добра подготовка. И Вие, родители, можете да ги искажете Вашите набљудувања како и Вашите интереси и грижи.

Вашето дете ќе добие поддршка од наставниците при подготовките за годишниот разговор.

По правило, учениците ја апсолвираат наставата, без специфични мерки или одлуки за понатамошното образование. Доколку е потребно,

за нив може да се дискутира на годишниот средба и тие да се побараат од управата на училиштето.

**На пример можни мерки се:**
- поддршка обезбедена од дефектолог
- германски како втор јазик (ДаЗ)
- Логопед
- Психомоторика
- Прилагодување на целите на наставата или диспензија

**Како специфични образовни мерки се сметаат:**
- Распределба во воведна или помала одделение
- Повторување на школската годината
- Прескокнување на една школска година
- Промена на ниво на пониско ниво – Секундар I

## Свидетелство

Свидетелството ги опишува достигнувањата во целост и укажува на тоа дека се одржала годишната средба, т.е. разговор.

Во градинка и прво одделение основно образование, нема оценки во свидетелството. Тоа е на некој начина училишна потврда. Од второ одделение основно училиште, па натака, Вашето дете добива свидетелство со оценки и проценка на стручните достигнувања.

Во Секундар I учениците добиваат свидетелство секое полугодие.

Од 5. одделение основно училиште, свидетелството укажува избрани аспекти од интердисциплинарни вештини. Тоа се нарекува: работно и социјално однесување како и пристап кон учењето.

Во текот на една учебна година има многубројни случувања кои се оценуваат и не се оценуваат.

Вашето дете ќе пренесе  некои од овие информации дома или ќе раскаже за нив. Наставниците ги користат сите достапни информации за да ги креираат оценките за свидетелството. Ова значи дека оценките во свидетелствата не се пресметуваат врз основа на аритметичка средина на парцијалните оценки. Тие претставуваат целосна проценка заснована врз писмените, усните и практичните достигнувања  на учениците по соодветниот предмет.

© 2021 · Одделение за образование и култура · Одделение за основни училишта · www.gl.ch